Акционерско друштво во државна сопственост
за вршење на дејноста давање услуги во
воздухопловната навигација

Shoqëri aksionare në pronësi shtetërore për kryerjen e
veprimtarisë dhënie të shërbimeve të navigacionit ajror

„М-НАВ“ А.Д. - СКОПЈЕ

# Тримесечен извештај за работа на „М-НАВ“ А.Д. - Скопје за период април – јуни 2023 година

Септември, 2023 година

“Босфор“ Бр. 7, Мралино, Илинден
Република Северна Македонија
Тел: +389 2 3148100 Факс: +389 2 3148239
E-mail: info@mnavigation.mk

“Bosfor“ Nr. 7,Mralino, Ilinden
Republika e Maqedonisë së Veriut
Tel: +389 2 3148100 Fax: +389 2 3148239
E-mail: info@mnavigation.mk

## ИДЕНТИФИКАЦИЈА НА ДОКУМЕНТОТ

**Опис на документот:** Тримесечен извештај за работата на „М-НАВ“ А.Д. - Скопје, во кој се резимирани активностите на „М-НАВ“ А.Д. - Скопје во периодот од 01.04 – 30.06.2023 година, а истиот вклучува Резиме на активностите на Друштвото во извештајниот период, Анализа на планирани и реализирани приходи и расходи со пресек 07.08.2023 година, како и Компаративна анализа на реализирани приходи и расходи на „М-НАВ“ А.Д. - Скопје за второто тримесечје од 2023 година во споредба со истиот период од 2022 година.

**Наслов**

**ТРИМЕСЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТАТА НА „М-НАВ“ А.Д. - СКОПЈЕ**

**АПРИЛ - ЈУНИ 2023 ГОДИНА**

| | | |
|---|---|---|
| **Референтен број**: МНВ-810-103.06 | **Издание број**: | 1.0 |
| | **Дата**: | 05/09/2023 |

**Извадок**:

“Како што може да се види од Табелата 2.2 погоре, во второто тримесечје од 2023 година „М-НАВ“ А.Д. - Скопје реализира за 6,78% помалку расходи во однос на планираните за извештајниот период”...

**Клучни зборови**:

Планирани приходи, планирани расходи, реализирани приходи, реализирани расходи, вкупни приходи, вкупни расходи.

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **Статус на документот:** | Работна верзија | | **Класификација:** | Интерен документ | |
| | Конечна верзија | √ | | Јавен документ | √ |
| | Објавено издание | | | Доверлив | |

| | |
|---|---|
| **Локација:** | **Скопје** |

## ПРИФАЌАЊЕ НА ДОКУМЕНТОТ

Во следната табела се наведени авторите и лицата кои го изготвиле/провериле/одобриле овој документ

| Функција | Име, презиме и потпис | Дата |
|---|---|---|
| Изработил | Игор Андреевски<br>Самостоен советник за контрола на буџет | |
| Проверил аспект - квалитет | Леонора Шаља<br>Шеф на Отсек за квалитет – безбедност во Одделение за интегриран менаџмент систем | |
| Ревидирал аспект - усогласеност | Валентина Димевска<br>Раководител на Одделение за внатрешна ревизија | |
| Одобриле | Fahrudin Hamidi<br><br>Претседател на Управен одбор и Извршен Директор во Секторот за воздухопловна навигација<br><br>Љубе Стаменковски<br><br>Член на Управен одбор и Извршен Директор во Секторот за воздухопловна техника<br><br>D-r Hasim Deari<br><br>Член на Управен одбор и Извршен Директор во Секторот за финансиски работи, правни работи, развој и инвестиции | |

**Содржина**

1. Резиме на активностите на „М-НАВ“ А.Д. - Скопје за второто тримесечје од 2023 година........................................................................................................5

2. Анализа на планирани и реализирани приходи и расходи на „М-НАВ“ А.Д. - Скопје за второто тримесечје од 2023 година........................................................8

3. Анализа на реализирани приходи и расходи на „М-НАВ“ А.Д. – Скопје за второто тримесечје од 2023 година во споредба со истиот период од 2022 година........................................................................................................12

4. Информација за финансиското работење на „М-НАВ“ А.Д. – Скопје за второто тримесечје од 2023 година........................................................................19

# 1 Резиме на активностите на „М-НАВ“ А.Д. - Скопје за второто тримесечје од 2023 година

- Следејќи го трендот на првото тримесечје, сообраќајот и во второто тримесечје од 2023 година има кумулативен раст од 13,8% за целиот квартал споредбено со 2022 година односно гледано по месеци зголемувањето за месец Април е 21%, Мај 12,1% и Јуни 8,3%. Растот на воздушниот сообраќај позитивно ќе влијание и на приходите на Друштвото во текот на 2023 година.
- Договор за консултантски услуги за асистенција на проектната единица за имплементација на Договорот за заем склучен на ден 29.07.2022 година со ЕБОР, Оп. Бр. 53184 (PIU Assistance Consultant) во износ кој не надминува 170.000,00 еур при што во извештајниот период заврши постапката за набавка и на 11.05.2023 година беше потпишан Договор со инофирмата EGIS AVIA.
- Договор за консултантски услуги за техничка поддршка за обука на контролори на летање (SECSI FRA) во износ кој не надминува 162.000,00 еур при што по изготвување на тендерската документација во координација со ЕБОР и по добиено одобрение од нивна страна, на 16.06.2023 година беше објавен повикот за доставување на понуди преку електронскиот портал за набавки на ЕБОР. Од причина што до крајниот рок за поднесување понуди, 14.07.2023 година не беше доставена ниту една понуда, во текот на извештајниот период се продолжи со консултации со ЕБОР за натамошните можни решенија за реализација на набавката.
- Во однос на Договорот за набавка, инсталирање и пуштање во работа на новиот АТМ систем кој е потпишан на 14.12.2018 година во текот на извештајниот период се продолжи со активностите за испорака на новиот АТМ систем, т.е. подготовка на потребната извозно-увозно документација, воедно новиот АТМ систем се испорача, се изврши прием од страна на „М-НАВ“ А.Д. - Скопје и од страна на добавувачот се отпочна со негова инсталација во просториите на „М-НАВ“ А.Д. - Скопје.
- Договорот за набавка, инсталација и пуштање во работа на нов MODE-S радар се склучи на 02.12.2022 година и неговата реализација се одвива во согласност со предвидените рокови од Договорот. Во извештајниот период кај производителот на радарскиот систем се одржа обука на вработените од Одделението за надзорни системи на „М-НАВ“ А.Д. - Скопје како што и се вршеше изработка, хармонизација и одобрување на документите од Contract Data Requirement List.
- Реализацијата на Договорот за набавка, инсталација и пуштање во работа на VCS системот склучен на 20.05.2022 година се одвива согласно предвидените рамки од договорот, завршени се фазите на обука, FAT (Factory Acceptance Test), додека во извештајниот период поради зголемениот обем на сообраќај и неможноста од целосна инсталација и тестирање на новата опрема, 80% од инсталацијата на опремата како и фазата на SAT (Site Acceptance Test) е завршена, а остатокот ќе се реализира во третото тримесечје од 2023 година. Во врска со ова на 13.07.2023 година склучен е Амандман бр. 1 на Договорот за набавка.
- Во врска со реализацијата на Проектот за набавка, инсталација и пуштање во работа на VHF системот, во текот на септември 2022 година, спроведени се фазите на SAT и OAT - тестовите согласно кои се

издадени сертификати со забелешка дека минорни активности поради недостапноста на Солунска глава ќе бидат извршени во текот на третото тримесечје од 2023 година, кога и се очекува да биде извршено и финалното плаќање по договорот.

- Осуммина кандидати кои беа селектирани за стекнување на дозвола за Аеродромска контрола на летање по успешното завршување на теоретската и практичната обука во школскиот центар GATE Aviation Training APS во Данска, ја продолжија обуката во „М-НАВ" А.Д. - Скопје, отпочнувајќи со pre OJT training, а потоа беа распоредени со инструктори да продолжат на OJT обука до стекнување на дозвола за работа.
- Проектот за надградба на ATM системот за воздухопловна навигација, во текот на ова тримесечје продолжи со планираните активности и динамика на реализација согласно стратешките планови на „М-НАВ" А.Д. - Скопје. Имено, во текот на месец јуни беше испорачана опремата од страна на Леонардо и веднаш се отпочна со инсталација на истата во согласност со инсталациониот план. По целосна инсталација на опремата се планира нејзина интеграција со постоечките системи која активност ќе заврши со спроведување на SAT(site acceptance test).
- Проектот за набавка на нов MODE-S радар се одвива тековно и е во согласност со предвидените рокови. Со ино-фирмата Леонардо, која е добавувач на радарскиот систем, се продолжи процесот на подготовка, хармонизација и одобрување на системската документација. Во овој период успешно се организираше и реализираше стручната обука за сите вработени од одделението за надзирни системи кај производителот на опремата Леонардо.
- Во однос на новиот VHF радио систем, немаше активност поради неповолните временски услови на локација Солунска Глава, а се очекува да продолжат во текот на третото тримесечје од 2023 година.
- Во врска со VCS системот, продолжи инсталацијата на системот во согласност со инсталациониот план. Во април месец, успешно заврши SAT (site acceptance test) на инсталираната опрема. Операционализацијата на ситемот се одложи за октомври 2023 година, бидејќи настапи периодот на интензивен пораст на воздушниот сообраќај.
- Во текот на првото тримесечје од 2023 година се продолжи со активностите на „М-НАВ" А.Д. - Скопје во регионалните и мултилатералните активности во рамки на работните групи на Eurocontrol, ICAO, NATO и CANSO. Во второто тримесечје, односно во месец април беше публикуван LSSIP 2022 North Macedonia документот кој го прикажува прогресот во исполнувањето на зацртаните цели од European ATM Master Plan на сите релевантните чинители во воздухопловството во Република Северна Македонија, вклучувајќи го и „М-НАВ" А.Д. - Скопје. Исто така се реализираат активности во работата на Bluemed FAB, Gate One платформата, како и билатералните соработки со давателите на услуги за контрола на летање од сите соседни земји.
- „М-НАВ" А.Д. - Скопје во рамките на второто тримесечје, продолжи континуираната работа околу усогласување со регулативата 373 согласно која ќе се издаде продолжување на Уверението за оспособеност за давање на услуги на воздухопловната навигација пред Агенцијата за цивилно воздухопловство, истото го продолжи со важност до 2024 година.

- Според статистиките на Централното биро за наплата (Central Route Charging Office - CRCO) на Eurocontrol за реализираните наплатни единици од прелетите во 2023 година, Република Северна Македонија во второто тримесечје од 2023 година бележи зголемување од 10,9% во однос на истиот период во 2022 година, односно 12,1% во однос на планиранот сообраќај за второто тримесечје од 2023 година.
- Во текот на второто тримесечје во 2023 година се опслужени вкупно 76.441 летови од кои 70.421 прелети и 5.956 полетувања и слетувања на аеродромите во Скопје и Охрид.
- Бројот на прелетите во воздушниот простор на РСМ во второто тримесечје од 2023 година е зголемен за 8,9%, додека бројот на операциите на аеродромите во Скопје и Охрид е зголемен за 87,0% во однос на истиот период од 2022 година.
- Табела од Централното Биро на Eurocontrol за реализирани наплатни единици од прелетите над Република Северна Македонија во периодот од 01.01 до 30.06.2023 година:

| Month | | 2023 Actual | 2023 Unit Rate Basis | 2022 Actual | 2021 Actual | 2020 Actual | 2019 Actual | % 2023 A / 2023 F | % 2023 A / 2022 A | % 2023 A / 2019 A |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | (1) | (2) | (3) | (4) | (5) | (6) | (1)/(2) | (1)/(3) | (1)/(6) |
| 1 | January | **23,893** | *17,608* | 17,786 | 8,338 | 22,672 | 17,708 | 35.7% | 34.3% | 34.9% |
| 2 | February | **23,681** | *15,222* | 15,376 | 6,852 | 20,493 | 16,639 | 55.6% | 54.0% | 42.3% |
| 3 | March | **30,228** | *22,944* | 23,176 | 9,087 | 14,355 | 19,233 | 31.7% | 30.4% | 57.2% |
| 4 | April | **38,103** | *31,997* | 32,321 | 9,845 | 3,678 | 28,427 | 19.1% | 17.9% | 34.0% |
| 5 | May | **47,766** | *42,774* | 43,206 | 12,454 | 4,181 | 40,456 | 11.7% | 10.6% | 18.1% |
| 6 | June | **52,333** | *48,559* | 49,050 | 21,943 | 5,417 | 45,978 | 7.8% | 6.7% | 13.8% |
| 7 | July | | *52,460* | 52,991 | 38,450 | 17,682 | 50,551 | | | |
| 8 | August | | *50,048* | 50,553 | 45,991 | 25,368 | 50,618 | | | |
| 9 | September | | *44,974* | 45,428 | 40,390 | 21,879 | 45,339 | | | |
| 10 | October | | *42,363* | 42,792 | 40,568 | 19,010 | 37,975 | | | |
| 11 | November | | *23,087* | 23,320 | 21,639 | 9,596 | 20,607 | | | |
| 12 | December | | *22,865* | 23,096 | 19,771 | 9,849 | 21,469 | | | |
| **TOTAL** | | **216,004** | ***414,900*** | 419,094 | 275,328 | 174,181 | 395,000 | **20.6%** | **19.4%** | **28.2%** |

Со почит,

**Претседател на Управен одбор**
**Kryetar i Këshillit Drejtues**
**Fahrudin Hamidi**

# 2 Анализа на планирани и реализирани приходи и расходи на „М-НАВ“ А.Д. – Скопје за второто тримесечје од 2023 година

## 2.1 Анализа на планирани и реализирани приходи на „М-НАВ“ А.Д. - Скопје за второто тримесечје од 2023 година

Како што може да се види од табелата 2.1 подолу, во второто тримесечје од 2023 година „М-НАВ“ А.Д. - Скопје реализира за 11,32% повеќе приходи во однос на планираните за извештајниот период и тоа:

- 9,97% повеќе реализирани приходи од прелети на воздухоплови;
- 18,18% повеќе реализирани приходи од терминалните услуги на воздухопловна навигација;
- 55,59% повеќе реализирани останати приходи.




**Табела 2.1: Планирани и реализирани приходи на „М-НАВ“ А.Д. - Скопје за второто тримесечје од 2023 година[1]**

| *Вид на приходи* | *Планирани приходи 01.04 - 30.06.2023* | *Реализирани приходи 01.04 - 30.06.2023* | *индекс* |
|---|---|---|---|
| | | | |
| *Прелети на воздухоплови* | 318.822.830,67 | 350.608.526,00 | 109,97 |
| | | | |
| *Терминални услуги* | 43.685.070,65 | 51.625.249,00 | 118,18 |
| | | | |
| *Останати приходи* | 3.000.000,00 | 4.667.617,00 | 155,59 |
| | | | |
| ***Вкупно приходи (МКД):*** | ***365.507.901,32*** | ***406.901.392,00*** | ***111,32*** |

[1] Извор: Годишен финансиски план на „М-НАВ“ А.Д. - Скопје за 2023 година; Бруто-биланси на „М-НАВ“ А.Д. - Скопје за период 01.04-30.06.2023 година (со датум од 07.08.2023 година).

Во второто тримесечје од 2023 година се забележува понатамошно нормализирање на состојбата во авиосообраќајот и пораст на вкупниот број на летови во воздушниот простор на Република Северна Македонија. Нивото на сообраќајот веќе го надмина предпандемиското ниво од 2019 година. Како резултат на кризата предизвикана со Руската инвазија на Украина, со времетраење и интензитет сеуште непознат, се случува флуктуација на авио сообраќајот јужно кон земјите од регионов, што од друга страна доведе до значителен пораст на авиосообраќајот за овој период од годината.

### *2.1.1 Графички приказ на планирани и реализирани приходи на „М-НАВ“ А.Д. – Скопје за второто тримесечје од 2023 година*



## 2.2 Анализа на планирани и реализирани расходи на „М-НАВ“ А.Д. – Скопје за второто тримесечје од 2023 година

### Табела 2.2: Планирани и реализирани расходи на „М-НАВ“ А.Д. – Скопје за второто тримесечје од 2023 година[2]

| *Вид на расходи* | *Планирани расходи 01.04-30.06.2023* | *Реализирани расходи 01.04-30.06.2023* | *индекс* |
|---|---|---|---|
| ***Вкупно трошоци за вработените*** | **215.781.000,00** | **239.146.481,00** | **110,83** |
| Бруто плати | 214.281.000,00 | 237.075.236,00 | 110,64 |
| Други трошоци за вработените | 1,500.000,00 | 2.071.245,00 | 138,08 |
| | | | |
| ***Вкупно материјални трошоци*** | **44.000.000,00** | **11.686.500,48** | **26,56** |
| Трошоци за суровини и материјали | 1.000.000,00 | 75.424,00 | 7,54 |
| Трошоци за резервни делови | 5.000.000,00 | 47.124,00 | 0,94 |
| Потрошена енергија | 22.500.000,00 | 4.507.549,00 | 20,03 |
| Транспортни услуги | 1.000.000,00 | 351.899,00 | 35,19 |
| Поштенски, телефонски услуги и интернет | 5.000.000,00 | 3.665.248,50 | 73,30 |
| Трошоци за одржување | 9.000.000,00 | 3.035.853,18 | 33,73 |
| Дополнително утврдени трошоци минати години | 500.000,00 | 3.402,80 | 0,68 |
| | | | |
| ***Вкупно нематеријални трошоци*** | **40.749.390,00** | **33.153.931,77** | **81,36** |
| Закуп на канцелариски простор | 750.000,00 | 0,00 | 0,00 |
| Останати услуги | 212.500,00 | 973.071,00 | 457,92 |
| Дневници за сл.пат и патни трошоци | 5.000.000,00 | 2.330.233,09 | 46,60 |
| Трошоци за репрезентација | 750.000,00 | 222.645,02 | 29,69 |
| Премии за осигурување | 10.500.000,00 | 7.315.227,34 | 69,67 |
| Членарини во меѓународни организации и друго | 406.250,00 | 425.539,04 | 104,75 |
| Останати нематеријални трошоци | 23.130.640,00 | 21.887.216,28 | 94,62 |
| | | | |
| ***Амортизација*** | **11.250.000,00** | **11.250.000,00** | **100,00** |
| | | | |
| ***Останати трошоци од работењето*** | **1.500.000,00** | **0,00** | **0,00** |
| | | | |
| ***Вкупно финансиски трошоци*** | **7.000.000,00** | **3.332.415,87** | **47,61** |
| Банкарски трошоци | 1.000.000,00 | 409.407,07 | 40,94 |
| Камати по банкарски кредити | 6.000.000,00 | 2.923.008,80 | 48,72 |
| ***Вкупно расходи (МКД):*** | ***320.280.390,00*** | ***298.569.329,12*** | ***93,22*** |

[2] Извор: Финансиски план за измена на Годишен финансиски план на „М-НАВ“ А.Д. - Скопје за 2023 година; Бруто-биланси на „М-НАВ“ А.Д. - Скопје за период 01.04-30.06.2023 година (со датум од 07.08.2023 година).

### *2.2.1 Графички приказ на планирани и реализирани расходи на „М-НАВ“ А.Д. – Скопје за второто тримесечје од 2023 година*




Како што може да се види од табелата 2.2 погоре, во второто тримесечје од 2023 година „М-НАВ“ А.Д. - Скопје реализира за 6,78% помалку расходи во однос на планираните за извештајниот период, при што:

- Ставката – бруто плати за вработените, реализирани се повеќе средства од планираните заради донесената одлука на УО на „М-НАВ“ А.Д. - Скопје број 02-500/4 од 15.04.2022 година со која е утврдена динамика за враќање на задржаните средства од платите на работниците за 2020, 2021 и 2022 година согласно постигнатата спогодба со ССКЛ. Истата е донесена како резултат на порастот на сообраќајот во воздушниот простор на РСМ кој ги надмина планираните проекции, проекциите на готовинскиот тек на парични средства на Друштвото и извештаите и информациите на Eurocontrol за подобрување на сообраќајот, како и домаќинското работење и сведување на минимум на сите трошоци на Друштвото со политика на максимално штедење и ефикасност во спроведување на зацртаните цели до целосно финансиско стабилизирање[3];
- Ставката – други трошоци за вработените, реализирани се повеќе средства од планираните заради исплата на трошоци по основ на одредбите од Колективниот договор: помош за смрт на член во семејство, помош на вработени, задолжителни лекарски прегледи, трошоци за испити, како и трошоци за превоз на вработени надвор од Скопје;
- Ставката - останати услуги[4], реализирани се повеќе средства од планираните во најголем дел заради потставката физичко обезбедување[5] во износ од 882.051,00 денари;

[3] Заклучно со 30.06.2023 година целосно се вратени задржаните средства од платите на вработените за 2020 година, како и за периодот јануари-септември 2021 година.
[4] Тука влегуваат трошоците за регистрација на службени возила, огласи во весници за објавување на јавни набавки, услуги за дератизација на просториите на Друштвото, како и услуги на физичко обезбедување.
[5] По спроведена постапка согласно Годишниот план за јавни набавки за 2023 година, склучен е Договор со Агенција за обезбедување на имот и лица 2 СС ДООЕЛ Кичево.

- Ставката – членарини[6] во меѓународни организации, покажува зголемување во процентни поени во однос на планираните трошоци за оваа ставка во Финансискиот план на Друштвото, но вредносно зголемувањето е мало;
- Амортизацијата е пресметана согласно сметководствената политика на „М-НАВ“ А.Д. - Скопје во согласност со Меѓународните стандарди за финансиско известување (МСФИ).

Како што може да се види од горенаведената табела, останатите реализирани трошоци на „М-НАВ“ А.Д. - Скопје во второто тримесечје од 2023 година се во рамките на вкупно планираните, иако кај некои се забележува значително отстапување од планираното.

Согласно горенаведената анализа, во второто тримесечје од 2023 година реализирани се поголеми приходи од расходи (сметководствена добивка) во износ од 108.332.062,88 денари.

# 3 Анализа на реализирани приходи и расходи на „М-НАВ“ А.Д. – Скопје за второто тримесечје од 2023 година во споредба со истиот период од 2022 година

## 3.1 Анализа на реализирани приходи на „М-НАВ“ А.Д. – Скопје за второто тримесечје од 2023 година во споредба со истиот период од 2022 година

Како што може да се види од Табелата 3.1 подолу, реализираните вкупни приходи на „М-НАВ“ А.Д. – Скопје во второто тримесечје од 2023 година во споредба со истиот период од 2022 година се зголемени за 6,54% и тоа: приходите од прелети се зголемени за 2,57%, приходите од терминални услуги бележат зголемување од 39,19%, додека останатите приходи бележат зголемување од 54,24%.




[6] Оваа ставка во најголем дел се однесува на трошокот за членство на „М-НАВ“ А.Д. – Скопје во CANSO (Civil Air Navigation Services Organization) на европско и светско ниво. Овој трошок е распределен на месечно ниво.

Секако и тука ќе споменеме дека реализираните приходи во второто тримесечје од 2023 година во однос на истиот период од 2022 година беа значително зголемени за повеќе процентни поени како резултат на зголемениот обем на воздушен сообраќај. Тоа се должи на нормализацијата на воздушниот сообраќај после катастрофалното влијание на Covid-19 кризата, како и воениот конфликт и затворањето на воздушниот простор над Украина кое што предизвика флуктуација на украинскиот сообраќај кон југо-исток од Украина и доведе до неочекуван значителен пораст на авиосообраќајот кај земјите од регионов.

**Табела 3.1: Реализирани приходи на „М-НАВ“ А.Д. – Скопје за второто тримесечје од 2023 година во споредба со истиот период од 2022 година**[7]

| *Вид на приходи* | *Реализирани приходи 01.04 - 30.06.2023* | *Реализирани приходи 01.04 - 30.06.2022* | *индекс* |
|---|---|---|---|
| | | | |
| ***Прелети на воздухоплови*** | 350.608.526,00 | 341.807.220,27 | 102,57 |
| | | | |
| ***Терминални услуги*** | 51.625.249,00 | 37.091.097,72 | 139,19 |
| | | | |
| ***Останати приходи*** | 4.667.617,00 | 3.026.130,47 | 154,24 |
| | | | |
| ***Вкупно приходи (МКД):*** | ***406.941.044,12*** | ***381.924.448,46*** | ***106,54*** |

[7] Извор: Бруто-биланси на „М-НАВ“ А.Д. - Скопје за период 01.04-30.06.2023 година (со датум од 07.08.2023 година); Тримесечен извештај за работа на „М-НАВ“ А.Д. - Скопје за период април – јуни 2022 година.

### 3.1.1 *Графички приказ на реализирани приходи на „М-НАВ“ А.Д. – Скопје за второто тримесечје од 2023 година во споредба со истиот период од 2022 година*




## 3.2 Анализа на реализирани расходи на „М-НАВ“ А.Д. – Скопје за второто тримесечје од 2023 година во споредба со истиот период од 2022 година

**Табела 3.2: Реализирани расходи на „М-НАВ“ А.Д. – Скопје за второто тримесечје од 2023 година во споредба со истиот период од 2022 година**[8]

| ***Вид на расходи*** | ***Реализирани расходи 01.04-30.06.2023*** | ***Реализирани расходи 01.04-30.06.2022*** | ***индекс*** |
|---|---|---|---|
| ***Вкупно трошоци за вработените*** | **239.146.481,00** | **210.136.683,00** | **113,81** |
| Бруто плати | 237.075.236,00 | 209.337.934,00 | 113,25 |
| Други трошоци за вработените | 2.071.245,00 | 798.749,00 | 259,31 |
| | | | |
| ***Вкупно материјални трошоци*** | **11.686.500,48** | **13.209.475,40** | **88,47** |
| Трошоци за суровини и материјали | 75.424,00 | 250.086,00 | 30,16 |
| Трошоци за резервни делови | 47.124,00 | 66.467,50 | 70,90 |
| Потрошена енергија | 4.507.549,00 | 6.472.164,24 | 69,65 |
| Транспортни услуги | 351.899,00 | 275.215,83 | 127,86 |
| Поштенски, телефонски услуги и интернет | 3.665.248,50 | 3.815.433,97 | 96,06 |
| Трошоци за одржување | 3.035.853,18 | 2.277.007,86 | 133,33 |

[8] Извор: Бруто-биланси на „М-НАВ“ А.Д. - Скопје за период 01.04-30.06.2023 година (со датум од 07.08.2023 година); Тримесечен извештај за работа на „М-НАВ“ А.Д. - Скопје за период април-јуни 2022 година.

| | | | |
|---|---|---|---|
| Дополнително утврдени трошоци минати години | 3.402,80 | 53.100,00 | 6,41 |
| | | | |
| ***Вкупно нематеријални трошоци*** | **33.153.931,77** | **14.345.538,82** | **231,11** |
| Закуп на канцелариски простор | 0,00 | 0,00 | 0,00 |
| Останати услуги | 973.071,00 | 234.297,00 | 415,32 |
| Дневници за сл.пат и патни трошоци | 2.330.233,09 | 2.457.609,44 | 94,82 |
| Трошоци за репрезентација | 222.645,02 | 754.988,13 | 29,49 |
| Премии за осигурување | 7.315.227,34 | 8.726.541,00 | 83,83 |
| Членарини во меѓународни организации и друго | 425.539,04 | 18.774,00 | 2.266,64 |
| Останати нематеријални трошоци | 21.887.216,28 | 2.153.329,25 | 1.016,44 |
| | | | |
| ***Амортизација*** | **11.250.000,00** | **11.250.000,00** | **100,00** |
| | | | |
| ***Останати трошоци од работењето*** | **0,00** | **0,00** | **0,00** |
| | | | |
| ***Вкупно финансиски трошоци*** | **3.332.415,87** | **1.916.329,13** | **173,90** |
| Банкарски трошоци | 409.407,07 | 256.193,78 | 159,80 |
| Камати по банкарски кредити | 2.923.008,80 | 1.660.135,35 | 176,07 |
| ***Вкупно расходи (МКД):*** | ***298.569.329,12*** | ***250.858.026,35*** | ***119,02*** |

### *3.2.1 Графички приказ на реализирани расходи на „М-НАВ“ А.Д. – Скопје за второто тримесечје од 2023 година во споредба со истиот период од 2022 година*



Како што може да се види од Табелата 3.2 погоре, реализираните вкупни трошоци на Друштвото во второто тримесечје од 2023 година се зголемени за 19,02% во споредба со истиот период од 2022 година, при што:

- Ставката – бруто плати за вработените е зголемена во однос на 2022 година заради донесената одлука на УО на „М-НАВ“ А.Д. - Скопје број 02-500/4 од 15.04.2022 година со која е утврдена динамика за враќање на задржаните средства од платите на работниците за 2020, 2021 и 2022 година согласно постигнатата спогодба со ССКЛ. Истата е донесена како резултат на порастот на сообраќајот во воздушниот простор на РСМ кој ги надмина планираните проекции, проекциите на готовинскиот тек на парични средства на Друштвото и извештаите и информациите на Eurocontrol за подобрување на сообраќајот, како и домаќинското работење и сведување на минимум на сите трошоци на Друштвото со политика на максимално штедење и ефикасност во спроведување на зацртаните цели до целосно финансиско стабилизирање[9];
- Ставката – други трошоци за вработените во која влегуваат трошоци за исплата на помош за смрт на член во семејство, помош на вработени, задолжителни лекарски прегледи на контролорите, трошоци за испити, како и останати надоместоци за вработените, што се исплаќаат согласно Колективниот договор на „М-НАВ“ А.Д. - Скопје, се зголемени во однос на 2022 година и детално прикажани подолу:

**Табела 3.3: Реализирани други трошоци за вработените на „М-НАВ“ А.Д. – Скопје за второто тримесечје од 2023 година во споредба со истиот период од 2022 година[10]**

| *Други трошоци за вработените* | *01.04-30.06.2023* | *01.04-30.06.2022* |
|---|---:|---:|
| | | |
| Помош за смрт на член од семејство | 584.342,00 | 111.544,00 |
| Помош на вработени | 835.518,00 | 174.606,00 |
| Задолжителни лекарски прегледи на контролори | 431.354,00 | 373.094,00 |
| Трошоци за испити | 103.842,00 | 59.115,00 |
| Останати надоместоци за вработени | 0,00 | 80.390,00 |
| Трошоци за превоз на вработени надвор од Скопје | 116.189,00 | 0,00 |
| ***Вкупно (МКД):*** | ***2.071.245,00*** | ***798.749,00*** |

- Ставката – транспортни услуги покажува зголемување во процентни поени во однос на 2022 година, но вредносно зголемувањето е мало, при што истите се во согласност со планираните трошоци за 2023 година;
- Ставката – трошоци за одржување е зголемена во однос на 2022 година како резултат на повеќе потрошени средства за тековно одржување на

[9] Заклучно со 30.06.2023 година целосно се вратени задржаните средства од платите на вработените за 2020 година, како и за периодот јануари-септември 2021 година.
[10] Извор: Бруто-биланси на „М-НАВ“ А.Д. - Скопје за период 01.04-30.06.2023 година (со датум од 07.08.2023 година); Тримесечен извештај за работа на „М-НАВ“ А.Д. - Скопје за период април-јуни 2022 година.

опремата во најголем износ од 1.485.000,00 денари, односно за калибража на истата, останати трошоци со помали износи, како и трошоци за одржување на хигиена, но истите се во согласност со планираните трошоци за 2023 година;

- Ставката – останати услуги во 2023 се зголемени во однос на 2022 година и детално прикажани подолу:

**Табела 3.4: Реализирани останати услуги на „М-НАВ“ А.Д. – Скопје за второто тримесечје од 2023 година во споредба со истиот период од 2022 година**[11]

| *Останати услуги* | *01.04-30.06.2023* | *01.04-30.06.2022* |
|---|---|---|
| | | |
| Регистрација на возила | 22.983,00 | 15.690,00 |
| Огласи во дневни весници | 68.037,00 | 182.369,00 |
| Услуга за физичко обезбедување | 882.051,00 | 0,00 |
| Останати услуги-дератизација | 0,00 | 36.238,00 |
| ***Вкупно (МКД):*** | ***973.071,00*** | ***234.297,00*** |

- Ставката – членарини во меѓународни организации се зголемени во однос на 2022 година пред се заради трошокот за членство на „М-НАВ“ А.Д. – Скопје во CANSO (Civil Air Navigation Services Organization), кој во 2022 година е исплатен во третото тримесечје на годината.
- Ставката - останати нематеријални трошоци во 2023 година се зголемени во однос на 2022 година, при што истите се во согласност со планираните трошоци за 2023 година и детално прикажани подолу:

**Табела 3.4: Реализирани останати нематеријални трошоци на „М-НАВ“ А.Д. – Скопје за второто тримесечје од 2023 година во споредба со истиот период од 2022 година**[12]

| *Останати нематеријални трошоци* | *01.04-30.06.2023* | *01.04-30.06.2022* |
|---|---|---|
| | | |
| **Наемнина за недвижности** | **438.189,00** | **223.637,00** |
| - Закуп за антена на Црн Врв | 10.679,00 | 16.028,00 |
| - Закуп на деловен простор[13] | 427.510,00 | 207.609,00 |
| Надомест надзорен одбор | 106.665,00 | 104.780,00 |
| Донации во странство[14] | 1.801.588,97 | 0,00 |
| Авторски хонорари[15] | 287.247,00 | 167.004,00 |
| **Семинари и советувања** | ***17.775.383,80*** | ***143.100,00*** |

[11] Извор: Бруто-биланси на „М-НАВ“ А.Д. - Скопје за период 01.04-30.06.2023 година (со датум од 07.08.2023 година); Тримесечен извештај за работа на „М-НАВ“ А.Д. - Скопје за период април-јуни 2022 година.

[12] Извор: Бруто-биланси на „М-НАВ“ А.Д. - Скопје за период 01.04-30.06.2023 година (со датум од 07.08.2023 година); Тримесечен извештај за работа на „М-НАВ“ А.Д. - Скопје за период април-јуни 2022 година.

[13] Согласно Договор со ТАВ Македонија за изнајмување на деловен простор на Меѓународниот аеродром Скопје, согласно Договор за изнајмување на деловен простор – објект Малага во Центар, Скопје, а во 2023 година е склучен и Договор со фирма Контего за закуп на простории за чување на документи.

[14] Согласно Одлука за давање на согласност за доделување на нова задача на Eurocontrol за формирање на доброволни солидарни фондови за поддршка на една или повеќе земји членки во кризни ситуации во воздушниот сообраќај, како и формирање на европскиот АТМ доброволен солидарен фонд и доброволниот привремен солидарен фонд на Eurocontrol и за учество на РСМ во овие фондови (Службен весник на РСМ бр.253 од 24.11.2022 година).

[15] Согласно Договори за дело на 3 вработени во 2023 година за сите 3 месеци, а 3 вработени во 2022 година само за еден месец.

| | | |
|---|---|---|
| - обука за 8 нови студенти КЛ<br>- Останати курсеви и обуки за вработените | 17.669.118,81<br>106.264,99 | 0,00<br>143.100,00 |
| Ревизија на финансиски извештаи[16] | 970.000,00 | 600.000,00 |
| Услуги за вештачење[17] | 29.500,00 | 0,00 |
| Адвокатски услуги[18] | 118.301,00 | 237.011,00 |
| Одржување на софтвер | 26.040,00 | 22.506,00 |
| **Останати интелектуални услуги**<br><br>- Превод на документи<br>- Електронска база на податоци<br>- Обнова на дигитален сертификат<br>- Регистрација и обнова на домеин<br>- Трошоци за провизија на Eurocontrol[19]<br>- Годишен надомест од ЦДХВ[20]<br>- Изработка на проектна документација[21]<br>- Агенциска провизија[22] | ***94.055,68***<br><br>59.627,00<br>27.330,00<br>6.860,00<br>238,68<br>0,00<br>0,00<br>0,00<br>0,00 | ***490.047,25***<br><br>300,00<br>27.330,00<br>0,00<br>0,00<br>231.356,25<br>146.358,00<br>55.000,00<br>29.703,00 |
| Стручни списанија и весници[23] | 21.589,00 | 38.702,00 |
| Трошоци за сертификација и лиценци од АЦВ | 100.993,25 | 66.284,00 |
| **Други нематеријални трошоци**<br><br>- Останати нематеријални трошоци[24]<br>- Трошоци за виза за вработени<br>- Изработка на идентификациони картички[25]<br>- Обнова на токен<br>- Архивирање на документи[26] | ***117.663,58***<br><br>75.465,38<br>26.237,96<br>12.528,00<br>3.432,24<br>0,00 | ***60.258,00***<br><br>16.835,00<br>0,00<br>16.731,00<br>0,00<br>26.692,00 |
| ***Вкупно (МКД):*** | ***21.887.216,28*** | ***2.153.329,25*** |

- Ставката – банкарски трошоци покажува зголемување во процентни поени во однос на 2022 година, но вредносно зголемувањето е мало, при што истите се во согласност со планираните трошоци за 2023 година;
- Ставката – камата по банкарски кредити е зголемена во однос на 2022 година заради тоа што во 2023 година покрај користење на средства и отплата на тримесечни ануитети по основ на одобрениот долгорочен кредит од ЕБОР, се користат средства и истовремено се отплаќаат ануитети по основ на одобрениот долгорочен кредит од Комерцијална банка А.Д. Скопје, но овие трошоци се во согласност со планираните трошоци за 2023 година.

[16] По спроведената тендерска постапка, во 2023 година е склучен нов Договор за набавка на услуга – ревизија на финансиски извештаи со Гранд Торнтон Скопје, со важност од 2 години.
[17] Кон Биро за судски вештачења.
[18] Согласно Договори со Адвокат Мефаиљ Арслани и Адвокат Васил Димишков, додека во 2022 година имаше склучено договори со Адвокат Мефаиљ Арслани, адвокат Зекир Зекири и адвокат Албин Беџети.
[19] По Договор за вршење на услуги за наплата на АТС услуги од авиокомпании.
[20] Годишен надомест за водење на акции.
[21] Согласно Договор со ГЕИНГ Доо Скопје за изработка на техничка документација - кабелски приклучок на објект радарска станица Бањски Рид на дистрибутивна мрежа на ЕВН Македонија, додека во 2021 година согласно Договор со Друштвото ВАДЕМ 1.83 ДООЕЛ Скопје за измена на основен проект за адаптација на гаражен простор.
[22] Исплатена на Агенција за недвижности NEW WAY Ltd. за извршена услуга - посредување при изнајмување на деловен простор во општина Центар за потребите на Друштвото.
[23] Репрезент, Правник, Академик, Коха, Слободен печат.
[24] Фотокопирање на документи, изработка на визит карти и сл.
[25] Идентификациони картички за пристап на вработени од „М-НАВ“ А.Д. - Скопје на аеродромска писта и аеродромски простории, сопственост на ТАВ Македонија.
[26] Согласно Договор со фирма INBOX Скопје.

# 4 Информација за финансиското работење на „М-НАВ“ А.Д. – Скопје за второто тримесечје од 2023 година

„М-НАВ“ А.Д. - Скопје во периодот 01.04-30.06.2023 година своето работење го извршуваше со 303 вработени.

За пресметковниот период трошоците за амортизацијата се дадени пресметковно, во висина од ¼ од вкупно планираната амортизација за 2023 година.

На 30.06.2023 година на сметките на „М-НАВ“ А.Д. - Скопје го има следното салдо:

| | |
|---|---|
| денарска сметка во Комерцијална банка | 5.595.130,00 денари |
| девизна сметка во Комерцијална банка | 3.766.411,89 ЕУР |

Според принципите на Eurocontrol фактурирањето на реализацијата за тековниот месец се врши во наредниот месец, а наплатата е во месецот што следи (на пр. реализираниот сообраќај за април се фактурира во мај, а наплатата на побарувањата од април пристигнува на сметката на „М-НАВ“ А.Д. - Скопје во јуни). Согласно овој принцип овие побарувања се со рочност од 30-60 дена.

Со состојба на 30.06.2023 година побарувањето од Eurocontrol (за прелети и терминални услуги) е во износ од 174.095.072,12 денари.